Македонска
Кошаркарска
Федерација

# П Р А В И Л Н И К

## ЗА РАБОТА НА

# К О М Е С А Р

# ЗА НАТПРЕВАРУВАЊЕ НА МКФ

**СКОПЈЕ, 08.11.2016 година**

Врз основа на член 6 од Правилникот за натпреварување на Македонската Кошаркарска Федерација, на предлог на Комесарот за натпреварување, Управниот Одбор на Македонската Кошаркарска Федерација на ден 08.11.2016 година, го усвои следниот

# ПРАВИЛНИК ЗА РАБОТА

**на**

**КОМЕСАР ЗА НАТПРЕВАРУВАЊЕ**

## I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

### ЧЛЕН 1

Со овој Правилник се регулираат начинот на работа, правата и обврските на Комесарот за натпреварување на Македонската Кошаркарска Федерација (во понатамошниот текст: МКФ).

### ЧЛЕН 2

Комесарот за натпреварување на МКФ е работно тело на Управниот Одбор на МКФ и е надлежен за спроведување на натпреварувањата во сите сениорски лиги и младински лиги на МКФ, како и натпреварувањето на сениорските екипи во Купот на Македонија.

## II. НАЧИН НА ИЗБОР, ПРЕСТАНОК НА ФУНКЦИЈА И РАЗРЕШУВАЊЕ

### ЧЛЕН 3

Управниот Одбор на МКФ согласно член 43 од Статутот именува Комесар за натпреварување. Предлог за Комесар дава субјектот кој во тековната сезона го има правото за управување и раководење со лигата.

Комесар за натпреварување може да се избере и по пат на јавен конкурс, доколку субјетот кој во тековната сезона го има правото за управување и раководење со лигата, донесе одлука за распишување на конкурс. Во тој случај субјектот формира 3 члена комисија која ќе ги разгледува пријавите по кокурс, и даде конечен предлог на усвојување на Управен одбор на МКФ.

### ЧЛЕН 4

Лицето кандидат за извршување на функцијата Комесар за натпреварување, покрај одлични познавања на кошаркарските правила, пропозиции и акти на МКФ, ФИБА Европа и ФИБА, потребно е да поседува:

- Диплома за завршен 7-ми степен на образование, со предност (но не нужно) во насока спорт/спортски менаџмент, правен или економски;
- Да е поранешен или актуелен кошаркарски работник, поранешен судија, делегат или играч кој минал најмалку 10 години во клуб, тело на МКФ или друга кошаркарска организација во Македонија;
- Да не е помлад од 35 (триесет и пет) години и не постар од 65 (шеесет и пет) години возраст на денот кога стапува на должност;
- Да има валидна возачка дозвола Б категорија;

- Да има одлични (читање/пишување) познавања од Англиски јазик – заради следење на Актите на ФИБА и ФИБА Европа и нивно имплементирање и толкување во натпреварувањата на МКФ;
- Да е неосудуван според Кривичниот закон на РМ или било која друга држава и да не е санкциониран според Дисциплинскиот Правилник на МКФ.

**ЧЛЕН 5**

Управниот Одбор на МКФ го задржува правото да не ја прифати кандидатурата, доколку:

- Кандидатот за Комесар за натпреварување на МКФ не соотдејствува со барањата за квалитет и профил на личност кој ќе ја извршува оваа функција;
- Кандидатот за Комесар за натпреварување на МКФ не е поднесен согласно процедурата пропишана со овој Правилник.

**ЧЛЕН 6**

Комесарот за натпреварување се избира за период од најмалку 1 (една) година, и е регулирано во договорот за ангажирање.
Комесарот за натпреварување потпишува договор за ангажирање со субјектот кој во тековната сезона го има правото за управување и раководење со лигата.
Комесарот за натпреварување може да биде пријавен во редовен работен однос заснован со субјектот кој во тековната сезона го има правото за управување и раководење со лигата, со сите права и обврски согласно Законот за работни односи на РМ и има право на здравствено, социјално и пензиско осигурување како и други услови согласно Законот.
Комесарот за натпреварување не смее да биде активен играч или кошаркарски судија и не смее да врши функција ниту да биде член во ниеден кошаркарски клуб. Комесарот за натпреварување не смее да биде политички ангажиран и инволвиран во ниту една политичка партија.

**ЧЛЕН 7**

Функцијата на Комесарот за натпреварување престанува во случај:

- кога истекува времетраењето на договорот со МКФ;
- кога лицето што ја извршува функцијата поднесе оставка (во тој случај, доколку УО на МКФ доколку побара од него, лицето може да остане ВД Комесар во период не поголем од 30 дена од денот на поднесување на оставката);
- со одлука на УО на МКФ, доколку Комесарот за натпреварување не ги извршува своите обврски или не ги почитува одредбите утврдени со овој Правилник и други акти на МКФ;
- со одлука на УО на МКФ, доколку Комесарот за натпреварување е санкциониран со конечна одлука по било кој член од Дисциплинскиот Правилник на МКФ;
- доколку со своето однесување нанесе штета на МКФ и Македонската кошарка.

Доколку фунцијата на Комесарот за натпреварување му престане заради околности опишани во член 8 од овој Правилник, тогаш има право на соодветно обештетување согласно истиот член.

## III. Права на Комесарот за натпреварување

**ЧЛЕН 8**

Во потпишаниот договор, МКФ гарантира дека на Комесарот:

- ќе му бидат овозможени сите технички услови за непречено извршување на функцијата;
- ќе остварува месечен нето надомест за времетраењето на договорот, а висината ќе биде одредена со договорот за ангажирање;

**ЧЛЕН 9**

Доколку лицето што ја извршува функцијата  Комесар за натпреварување е сменето заради околности опишани во Член 7 од овој Правилник, тогаш неговата смена не е предмет на обештетување.

Комесарот за натпреварувања има право на дополнителен буџет за трошоци, надвор од својот месечен надомест, заради посета на натпревари, остварување состаноци и средби во интерес на описот на работното место, повремен ангажман на лица кои ќе работат или помогнат во проекти од интерес на МКФ, како и ангажман на други лица чија дејност ќе биде во од интерес на МКФ и Македонската кошарка.

За ваквите трошоци, Комесарот однапред, пред почеток на сезоната, подготвува предлог буџет до УО на МКФ, а во текот на сезоната на седниците на УО на МКФ има право да побара дополнителни средства за остварување на одредбите од став 1 од овој член.

Сите дополнителни средства во буџетот за трошоци, на Комесарот за натпреварување единствено можат да му бидат одобрени со одлука на УО на МКФ.

## IV. Обврски на Комесарот за натпреварување

**ЧЛЕН 10**

Комесарот за натпреварување е должен да ги почитува и да работи согласно Правилникот за натпреварување, Пропозициите за натпреварување, како и другите акти на МКФ, и ФИБА. Комесарот за натпреварување е должен да работи чесно, совесно, одговорно и непристрасно, во секоја прилика штитејќи ги единствено интересите на МКФ и на Македонската кошарка.

Комесарот за натпреварување задолжително присуствува на седниците на УО на МКФ и на седниците на ЗКСЛ и МЛ, на секоја лига поединечно.

Во својата работа, доколку смета за потребно, Комесарот за натпреварување соработува со Комисија составена од Претседателите на секоја од сениорските и младинските лиги на МКФ, Претседателот на Судиската Комисија на МКФ и претставник на канцеларијата на МКФ.

Комесарот за натпреварување е должен тесно да соработува со комесарите за безбедност на клубовите, со органите на МВР и други државни институции, во смисла на спречување и превенирање на насилство и почитување на Законот за спречување насилство на спортските терени.

**ЧЛЕН 11**

Комесарот за натпреварување, пред почетокот на натпреварувачката сезона, доставува до УО на МКФ на усвојување, Календар со распоред и изготвува Пропозиции на натпреварување за сите степени во сениорските и младинските лиги на МКФ и Купот на Македонија.

При изготвување на Календарот и распоредот, задолжително да ги консултира селекторите во сениорските репрезентации и менаџментот на националните селекции на МКФ.

Комесарот за натпреварување, најдоцна 7 дена по завршување по завршување на сезоната, изготвува Извештај за работата и натпреварувањата, што ги поднесува до клубовите од ЗКСЛ и МЛ, кои, ако се прифатат, се доставуваат до УО на МКФ.

Комесарот за натпреварување, најдоцна 7 дена по завршување на сезоната, доставува финансиски извештај за минатата и предлог буџет за следната сезона, во сите натпреварувања на ЗКСЛ и МЛ.

## V. Тековни обврски и задолженија на Комесарот за натпреварување Судии, делегати, билтени

### ЧЛЕН 12 – Делегати

Комесарот за натпреварување како задолжен за спроведување на натпреварувањата на ЗКСЛ и МЛ кој раководи со натпреварувањата на МКФ, своите надлежности на натпреварите ги спроведува преку своите претставници – делегатите. Комесарот за натпреварување за натпреварите номинира делегати од листата на делегати што се усвојува од УО на МКФ.

Номинациите на делегатите, Комесарот ги врши сам, без сугестии или помош од ниту еден субјект или орган, а номинациите ги врши ценејќи ја тежината на натпреварот и квалитетот и реномето на делегатите.

Листата на делегати по предлог на судиската комисија на МКФ, Комесарот за натпреварување ја доставува пред почетокот на секоја сезона на усвојување на УО на МКФ. Комесарот за натпреварување ги номинира делегатите на натпреварите, единствено од листата усвоена од УО на МКФ. Таквите листи се изготвуваат по задолжителните и дополнителните семинари и тестирања во организација на Судиската Комисија и се поделени по ранг, согласно степенот на натпреварување.

Делегатите се должни да му ги достават на Комесарот делегатските извештаи од натпреварите, (на рака или по е-маил) најдоцна 24 часа по завршување на натпреварот, односно 48 часа, ако натпреварот е игран во Сабота. Доколку делегатот не го поднесе извештајот во предвидениот рок Комесарот мора да го казни делегатот со неделегирање во следните 4 кола во темпо на делегирање и таквата одлука да ја објави во Билтенот од тековното коло.

Комесарот за натпреварување е должен, по завршувањето на секое коло во секоја лига, да го провери и спореди делегатскиот извештај со видео снимката од натпреварот, како и евентуални други изјави/пријави приложени од страна на други лица во врска со натпреварот и во рок од 24 часа по нивните доставувања да состави и објави Билтен, во кој се објавува регистрирањето на натпреварите, официјалните резултати, табели и одлуки по пријави и делегатски извештаи.

Комесарот за натпреварување мора да ги казни делегатите кои неоправдано одбиле номинација за натпревар, со временска казна од 3 месеци неноминирање во сите натпреварувања за кои Комесарот е надлежен. Таквата одлука мора да се објави во Билтен од тековното коло.

### ЧЛЕН 13 – Судии

Комесарот за натпреварување за натпреварите номинира судии од листата на судии што се усвојува од УО на МКФ. Номинациите на судиите, Комесарот ги врши сам, без сугестии или помош од ниту еден субјект или орган, а номинациите ги врши ценејќи ја тежината на натпреварот и квалитетот и реномето на судиите.

Таквите листи се изготвуваат по задолжителните и дополнителните семинари и тестирања во организација на Судиската Комисија и на нив судиите се поделени по ранг, согласно степенот на натпреварување.

Комесарот за натпреварување има право, согласно делегатскиот извештај, или извештајот за евалуација на судењето од страна на делегат/контролор, или дополнително прегледување на видео материјал од страна на стручно тело, да казни судија/судии, заради неквалитетно и лошо судење, без разлика дали заради таквото судење оштетиле или не оштетиле некој од клубовите учесници на натпреварот. Казните од овој вид се во неноминирање во темпо на делегирање и таквите одлуки Комесарот задолжително мора да ги објави во Билтенот од тековното коло.
Комесарот за натпреварување за номинациите ги информира судиите најдоцна 72 часа пред почетокот на првиот натпревар од следното коло. Доколку колото е во работен ден (Среда), тогаш номинациите мора да бидат извршени најдоцна 48 часа пред одигрување на првиот натпревар од

следното коло. Во таквите случаи, пожелно е, но не и задолжително, номинациите да се прават за 2 кола однапред, за да бидат опфатени и колото во викенд и следното во работен ден.

Комесарот за натпреварување мора да ги казни судиите кои неоправдано одбиле номинација за натпревар, со временска казна од 3 месеци неноминирање во сите натпреварувања за кои Комесарот е надлежен. Таквата одлука мора да се објави во Билтен од тековното коло.

**ЧЛЕН 14**

Комесарот за натпреварување ги извршува работите од својата надлежност, што се регулирани со Правилникот за натпреварување и Пропозициите за натпреварување на МКФ, за сите нивоа на сениорски и младинските натпреварувања во МКФ.

- Комесарот за натпреварување е задолжен за регистрирање на спортските сали за играње натпревари што ги пријавуваат клубовите, согласно критериумите и кошаркарските правила на ФИБА;
- Комесарот за натпреварување го утврдува местото и времето на одигрување на натпревари, согласно информациите за место, сала и час, што клубовите ги доставуваат пред почетокот на секоја сезона. Во интерес на Македонската кошарка, Комесарот има дискреционо право да го смени часот на одигрување на било кој натпревар, доколку два или повеќе натпревари се играат во еден ден во ист град, како и заради несовпаѓање со ТВ пренос на еден натпревар со другите во исто коло;
- Одредување на судии и делегати на натпреварите;
- Регистрирање на натпреварите врз основа на извештаите на службените лица;
- Донесување на Одлука за изрекување казна врз основа на извештајот на делегатот, односно по пријава на делегатот и судиите;
- Покренување дисциплинска постапка и суспензија на клуб, играч, службено лице на клуб, судија или делегат;
- Покренување постапка во сите случаи кога ќе се утврди дека од страна на службените лица не е евидентиран прекршок според актите за натпреварување и други акти на МКФ и ФИБА;
- Донесување на одлука во прв степен, по вложена жалба на натпревар.

**ЧЛЕН 15**

При повреди на одредбите од Пропозициите за натпреварување, Дисциплинскиот правилник на МКФ и Правилникот за натпреварување, а кои се сторени од клубови, тренери, помошни тренери, претставници на клубови, судии, помошни судии и делегати на натпреварите, ќе бидат санкционирани од Комесарот за натпреварување во прв степен.

**ЧЛЕН 16**

Комесарот за натпреварување пред почетокот на натпреварувачката сезона изготвува Пропозиции за натпреварување за сите степени на натпреварување и сите сениорски и младински категории натпреварувачи во МКФ. Пропозициите за натпреварување ги усвојува УО на МКФ.

**ЧЛЕН 17**

Комесарот за натпреварување мора да ги регистрира натпреварите од регуларниот дел од лигата, најдоцна во рок од 48 часа по завршување на последниот натпревар во одреденото коло или по поединечен натпревар, по добивање на извештаите од службените лица или евентуално сите дополнителни извештаи или изјави. Во текот на Плеј-оф разигрувањето, одлуките мора да бидат донесени најдоцна 24 часа по завршување на секој натпревар.

**ЧЛЕН 18**

Комесарот за натпреварување може да донесе одлука за сторен прекршок во доменот на Пропозициите или Службените кошаркарски правила, а кој не е евидентиран од страна на службените лица, на основ на прегледан видео-материјал или личен увид на натпреварот.

Видео материјал (касета/двд) од натпревар, фотографија или било кој друг аудио-визуелен запис од натпревар не може да биде основ за поништување на конечен резултат на натпреварот. Доколку постои на располагање, ваквиот материјал може да послужи единствено за утврдување на виновник/ци на инцидент, односно утврдување на дисциплинска одговорност на поединци или групи и за едукативни намени.

**ЧЛЕН 19**

Сите одлуки и соопштенија, Комесарот за натпреварување по електронски пат ги доставува до членовите на Здруженијата на клубови, УО на МКФ и соодветните комисии на УО на МКФ и канцеларијата на МКФ, во вид на редовен или вонреден БИЛТЕН од секое регистрирано коло од секое ниво на натпреварување. Билтенот задолжително се објавува и на официјалната веб-страница на МКФ.

**ЧЛЕН 20**

Во рамките на своите надлежности, Комесарот може да дава изјави во средствата за јавно информирање. Комесарот не смее да дава изјави кои на било кој начин му штетат на угледот на ЗКСЛ и МЛ, МКФ и македонската кошарка.

Комесарот за натпреварување е должен да ги санкционира сите изјави на тренери, играчи или други официјални лица од клубовите, кои се однесуваат на коментирање на судењето или судиите на одреден натпревар, без разлика дали се во негативна или позитивна конотација.

## VI. Канцеларија на Комесар на МКФ

**ЧЛЕН 21**

Во вршењето на должностите, на Комесарот му помага лице – технички секретар на ЗКСЛ и МЛ, кое е задолжено да ги води административно-техничките обврски во функционирањето на канцеларијата, како и соодветната официјална комуникација со субјектите во кошаркарската организација.

Доколку има потреба и доколку УО на МКФ смета за неопходно, во канцеларијата може да се ангажираат, постојано или повремено, во работен однос или со договор на дело, други лица, кои ќе помогнат за зголемување на квалитетот и менаџирањето на лигите.

**ЧЛЕН 22 – Технички секретар**

Техничкиот секретар, во соработка со Комесарот за натпреварување е должен да го објави и почитува работното време на канцеларијата на ЗКСЛ и МЛ, навремено, непристрасно и совесно да ја врши својата функција.

Техничкиот секретар задолжително присуствува на сите состаноци на лигите на ЗКСЛ и МЛ и води записник од истите. Техничкиот секретар е задолжен за дистрибуција на Билтенот, како и други одлуки донесени од Комесарот и ЗКСЛ и МЛ.

Задолжение на техничкиот секретар е да собира и објавува во Билтен официјални аналитички податоци (резултати, табела, статистика, евиденција на казни) од натпреварите во сите степени на натпреварување на ЗКСЛ и МЛ на МКФ.

**ЧЛЕН 23**

Техничкиот секретар го избира ЗКСЛ и МЛ по пат на јавен конкурс или непосредна спогодба со лице/а предложени од страна на Комесарот или на членките на ЗКСЛ и МЛ. Лицето кандидат за извршување на функцијата Технички секретар, покрај одлични познавања на административно-канцелариската работа, потребно е да поседува:

- Диплома за завршено минимум средно образование;
- Да има предност ако е поранешен или актуелен кошаркарски работник, поранешен судија, делегат или играч, кој минал најмалку 10 години во клуб, тело на МКФ или друга кошаркарска организација во Македонија;
- Да не е помлад од 25 (дваесет и пет) години и не постар од 55 (педесет и пет) години возраст на денот кога стапува на должност;
- Да има одлични познавања од работа на компјутер и тоа Офис програма и е-комуникација;
- Да има валидна возачка дозвола Б категорија;
- Да е неосудуван според Кривичниот закон на РМ или било која друга држава и да не е санкциониран според Дисциплинскиот Правилник на МКФ.

**ЧЛЕН 24**

Техничкиот секретар се ангажира со договор од времетраење од најмалку 4 години. Субјектот кој во тековната сезона го има правото за управување и раководење со лигата му гарантира на техничкиот секретар дека ќе му овозможи технички услови за непречено вршење на функцијата. Техничкиот секретар е во редовен работен однос заснован со субјектот, со сите права и обврски согласно Законот за работни односи на РМ и има право на здравствено, социјално и пензиско осигурување како и други услови согласно Законот. Техничкиот секретар ќе остварува месечен нето личен доход од за времетраењето на договорот, а висината на ќе биде одредена со договорот за ангажирање.

Техничкиот секретар може да биде разрешен од функцијата;

- Кога истекува времетраењето на договорот субјектот;
- На свое барање (оставка), при што е должен да ја врши функцијата не повеќе од 30 дена од моментот на оставката, ако тоа од него го побара субјектот.

## VII. Преодни и завршни одредби

**ЧЛЕН 25**

Во случај на непочитување на одредбите од овој Правилник од страна на Комесарот за натпреварување, Управниот Одбор на МКФ ќе преземе соодветни мерки, согласно Дисциплинскиот Правилник и другите општи акти на МКФ.

**ЧЛЕН 26**

Измени и дополнувања на овој Правилник донесува Управниот Одбор на МКФ

**ЧЛЕН 27**

Правилникот стапува на сила со денот од неговото усвојување од страна на УО на МКФ.

Скопје, 08.11.2016 година

Претседател наМКФ

Петар Наумоски